# **ОД ДОБЛЕСТА КОН ЗНАЕЊЕТО: ЕТИЧКО-ПОЗНАВАТЕЛНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО ПЛАТОНОВИОТ *МЕНОН***

Дискусијата за етичките теми не секогаш останува само во рамки на полето на етиката. Длабинското истражување на природата на познанието и реалноста, а не само на политичките, општествените и психолошките аспекти на доблесното дејствување, барем за системски разработените филозофски концепции, е почетна, а понекогаш и главна преокупација на овие дискусии. Етиката и теоријата на познанието навидум само на површината зафаќаат некои заеднички точки. Но, во суштина, и двете дисциплини се занимаваат со вреднувањето: едната со вреднувањето на нашето однесување, а втората со вреднувањето на нашите мненија и другите видови познавателни акти. Ако се прифати ставот дека моралниот дејствител постапува според одредени морални парадигми поради кои неговото однесување се квалификува како доблесно, тогаш прашањето за познанието на овие парадигми, но и воопшто прашањето за можностите и изворите на познанието, станува клучно за испитувањето на правилноста на нашето дејствување.

Платоновиот *Менон* на извонреден начин ја прави, за Платон исклучително значајната, етичко-познавателна паралела. Транзицијата од дијалог за доблеста во дијалог за природата на познанието, уште во неговите почетни дела, укажува на тоа дека Платон е филозоф на систематската филозофија во која сите сфери и на метафизичкото, и на човечкото, мора да бидат ставени во еден единствен перенијален контекст.

## МЕСТОТО НА *МЕНОН* ВО *CORPUS PLATONICUM*

Колку и да не е значајна интелектуалната биографија за интерпретацијата на филозофската мисла за некои автори, за Платон, според мнозумина негови истражувачи,

е особено важна, ако не и клучна за нејзиното разбирање. Прикажувањето на ликот на Сократ во дијалозите и степенот на репродукција на неговиот филозофски стил, како и постепеното изоледување на неговото присуство во одредени дијалози, често се зема како показ за Платоновото развојно филозофско осамостојување. Се смета дека Платон започнува со подражавање на стилот на неговиот ментор, па дури и дека на почетокот ги презема филозофските прашања со кои се занимава Сократ. Дијалозите не се буквален транскрипт на учењето на Сократ, но евидентно е присуството на методот и начинот на кој се одвива филозофската потрага кај историскиот Сократ. Подредувањето на Платоновите дијалози ни покажува како тој постепено се оддалечува од својот учител. Во филозофската потрага тој ги покажува плодовите на Сократовата мајевтика, односно дава конкретни одговори на одредени прашања, на места на кои Сократ би продолжил со „иронизирање", но исто така и го проширува полето на филозофското интересирање подалеку од етиката, кон метафизиката, теоријата на познанието, психологијата, филозофијата на политиката, итн.

*Менон* е дијалог кој, покрај содржината и начинот на кој е напишан, игра значајна улога во исцртувањето на меѓите на Платоновата интелектуална биографија. Припаѓа на т.н. преоден период во неговата творечка дејност, период во кој сè уште е присутен сократовскиот манир на филозофирање, но во кој веќе се покажуваат знаците на постепеното филозофско осамостојување. Започнува како типичен сократовски дијалог со прашањето за природата на доблеста, но подоцна автомајевтичката постапка го доведува Платон до неверојатни резултати. Со теоријата за сеќавањето, разликата меѓу вистинитото мнение и знаењето, како и имплицитната теорија за бесмртноста на душата, Платон веќе зачекорува во предел во кој започнува сосема нова, автентична филозофска мисла. Теоријата за идеите сè уште

не е начната, иако имплицитно се навестува, но затоа Сократ во *Менон* повеќе личи на оној Сократ од дијалозите од средниот период (*Гозба*, *Фајдон*, *Фајдар*, *Држава*), отколку на оној од раните (како, на пример, *Одбраната Сократова*, *Критон*, *Евтифрон*, *Лахет*). Кени вели: „Иако теоријата за идеите не се споменува во дискусиите, улогата на Сократ е поблиска до дидактичкиот филозоф од средните дијалози отколку на агностичкиот испитувач од раните дијалози“[1]. Сѐ уште го нема аподиктичниот манир на искажување филозофски ставови со кој се карактеризираат средните дијалози и затоа *Менон* се вбројува во преодниот период, период меѓу раните сократовски дијалози и средните дијалози за кои се смета дека претставуваат јадро на неговата филозофија.

Поради темата што ја обработуваат, *Менон* и *Протагора* се сметаат за дијалози што се надополнуваат. И двата дискутираат за прашањето: дали доблеста може да се научи? Сепак, анализата на двата дијалога укажува дека, освен методолошките, постојат и значајни теориско-содржински разлики меѓу нив. Во *Протагора* се чини дека Платон повеќе „вежба“ про и контра аргументи во однос на прашањето за доблеста, додека во *Менон* оди чекор натаму во давањето одговори. Во двата дијалога прашањето за доблеста води кон прашањето за знаењето и, додека во *Протагора* се навестува дека знаењето може да се стекне „во овој свет“, *Менон* ја отвора перспективата за потеклото на знаењето во еден друг, поинаков свет. Во таа смисла, се поставува прашањето дали *Менон* во суштина е етичко дело, или етичката тематика е само параван за многу пошироки и покомплексни теми[2].

---

[1] Ентони Кени, *Нова историја на западната филозофија - Античка филозофија*, Скопје: Арс студио, 2016, 41.

[2] Лео Штраус (Leo Strauss) дури тврди дека со *Менон* треба да започне анализата на политичката филозофија токму поради тоа што дискусијата за најдоброто државно уредување треба да започне од

Стилометриските, синтаксичките и биографските анализи покажуваат дека преодните дијалози веројатно се напишани меѓу 370-380 год. пр. Хр.[3] Во нив, освен *Менон* припаѓаат и *Горгија* и *Протагора*. Овие три дијалози се издвојуваат од раните и од средните дијалози како посебна група според неколку критериуми. Сократ во нив не се јавува само како испитувач, што е карактеристично за раните дијалози, туку и како некој кој дава насоки. Сепак, сѐ уште не е до крај конструктивен теоретичар и затоа сѐ уште се насетува раната, „испрашувачката“ отвореност на проблемите кои ги начнува на почетокот. Теоријата за идеите која се развива во средните дијалози сѐ уште не е претставена, но затоа, пак, се отвора прашањето за (бесмртноста на) душата кое е доминантно во *Фајдон*, *Фајдар*, *Држава*, *Гозба*. Исто така, употребата на математиката како парадигма за знаењето се начнува во *Менон*. Поради сите овие, но и поради многу други критериуми, *Менон* припаѓа во оваа преодна група дела.

Сепак, тоа што му се припишува некаква „преодност“ на дијалогот и што се смета за меѓа која го означува крајот на еден „незрел“ период и почеток на еден плоден и автентичен период, не ја намалува неговата филозофска вредност. За многу истражувачи на Платон, *Менон* претставува увод во Платоновото учење. Џон Стјуарт Мил вели: „во *Менон*, на помал простор, може да се најде она што е најкарактеристично за Платон повеќе отколку во било кој друг дијалог; ако *Фајдон* и *Горгија* се величествени статуи, *Менон* е скапоцен камен“[4].

---

дискусијата за она што е добро и доблесно. (Leo Strauss, *Plato's Meno: Seminar od Plato's Meno by Leo Strauss*, Department of Political Sciences, University of Chicago, Spring 1966, Lecture 1, Transcript)

[3] David Sedley, Alex Long, "Introduction", in Plato, *Meno and Phaedo*, Cambridge: Cambridge University Press, x.

[4] John Stuart Mill, *Dissertations and Discussions, Political, Philosophical and Historical*, Vol 3 New York: Cosimo, 2008, 350.

## ШТО Е ДОБЛЕСТА И ДАЛИ МОЖЕ ДА СЕ ПРЕНЕСЕ СО ПОУЧУВАЊЕ?

Според Кикерон, Сократ е оној што „филозофијата од небото ја донесе на земјата“[5]. Сократовиот филозофски антропоцентризам отвора нова епоха на филозофска спекулација од „земна“ перспектива. Како, според сопствените способности и капацитети, се прашува тој, може да се живее исполнет живот? Овој Сократов антропоцентризам не ја подразбира потрагата за човековото место во космосот, туку ја испитува актуализацијата на човековите моќи за доблесно дејствување со цел да се живее исполнет живот. А, тоа, според него, се постигнува со знаење. Токму Сократовите дилеми околу човековите капацитети за доблесно дејствување го носат Платон кон размислување за повисоките степени на битието. И, како и Сократ, овие капацитети Платон не ги наоѓа во сферата на човековите чувства и желби, туку во сферата на разумот.

Размислувањата за доблесното однесување во *Менон* изникнуваат од еден специфичен политички контекст во кој прашањето: дали доблеста може да се научи?, резултира со далекусежни импликации врз дејноста на софистите и нивната цел за подучување во политичка доблест, за која Платон е особено заинтересиран. Ако доблеста не може да се пренесе на друг, особено онаа политичката, нивната општествена и педагошка улога ја губи својата смисла. И во *Протагора* и во *Менон* Платон ги користи аргументите за стекнувањето на доблеста веќе наведени во *Δισσοὶ λόγοι* – кратка анонимна збирка на про и контра аргументи дадени за различни теми, користена од софистите. Не е случајно тоа што Платон за соговорник го одбира Менон, човек чија интелектуална заднина му ја должи на Горгија (според Платон, Менон бил ученик на Горгија), еден од

[5] Кикерон, „Тускулански расправи“, *Философски расправи*, Скопје: Три, прев. Љубинка Басотова, 5.4.10.

најзнаменитите софисти во тоа време. Се чини дека во *Менон* Платон индиректно дискутира со самиот Горгија.

По серија дијалози во кои Платон испитува поединечни доблести [храброст (*Лахет*), побожност (*Евтифрон*), умереност (*Хармид*), итн.], во *Менон*, без никакви увертири, веднаш почнува од едно поопшто рамниште, поставувајќи ги прашањата:

> Ќе можеш ли да ми кажеш, Сократе, дали доблеста може да се пренесе со поучување? Или, не може да се пренесе со поучување, туку може да се стекне со вежбање? Или, ниту може со вежбање да се стекне, ниту може да се научи, туку кај луѓето се појавува природно или на некој друг начин? (70а)

Во текот на дијалогот од прашањето „дали доблеста може да се пренесе со поучување?“, се преминува на поопштото прашање „што е всушност доблеста?“, применувајќи го Сократовиот принцип дека пред да се зборува за нешто треба да се знае што е тоа нешто. Платон ја наследува Сократовата потрага по дефинирањето, која подразбира дека постои објект кој може да се дефинира, имено, кој има постојана природа. За таков феномен, кој иако не е едноставен и е комплексен, Платон ја смета доблеста. Прашањето што е доблеста, го повлекува и прашањето за изворот на доблеста, дали е тоа природата, поучувањето или практиката, но истовремено и прашањето за тоа дали тие меѓусебно се исклучуваат.

Како соодветна импликација на Сократовото учење за доблеста што тој го прикажува преку поединечни примери, а Платон го артикулира и систематизира, е тврдењето дека сите доблести се состојат во една доблест. Постојат различни видови доблест, анализира Платон во *Менон*; всушност, тој набројува „цел рој доблести“. Збирот од многу поединечни доблести, како што се, на пример, храброста, благоразумноста, мудроста и величественоста, не претставува доблест. Иако се многубројни, тие се суштин-

ски соединети во знаењето за она што е вистински добро и за начините како тоа да се стекне. Ова е појдовната точка од која Платон поаѓа во испитувањето на доблеста, доблест која не се исполнува во нејзините поединечни манифестации, туку која сама по себе има своја суштина поради која поединечните доблести се сметаат за доблести.

Кон прашањето за стекнувањето на доблеста Платон се навраќа кон крајот на дијалогот и дава две алтернативи: или доблеста се пренесува со поучување и според тоа постојат учители по доблест, или не се пренесува со поучување и е вродена. Веднаш ја отфрла опцијата дека доблеста е природен дар; ако луѓето се раѓаат добри по природа веднаш би се препознавале и не би биле подложни на расипување. За да ја докаже тезата дека доблеста се пренесува со поучување, Платон се фокусира на испитувањето на тоа дали постојат такви луѓе кои можат да претендираат да бидат учители по доблест. Аподиктично тврди – тоа не може да бидат софистите, но не може да биде ниту било кој друг, дури и да се потврдил како доблестен маж. Одговорот се чини дека лежи во некоја поинаква опција која Платон го пренесува на едно друго поле.

Навидум, да се дефинира доблеста според претходно наведените основи, претставува едноставна задача, но како што понатаму се покажува, Платон се фаќа во костец со исклучително тешка потрага. Менон е „замајан“, маѓепсан од потрагата, а Сократ го споредува со плоскатата електрична раја, која „прави да се вкочани секој што ќе ѝ се приближи и ќе ја допре“ (80а). Да се зборува за доблеста αὐτό καθ' αὐτό (на начин на кој подоцна Платон зборува за идеите) претпоставува дека треба да се оддели доблеста како таква од сите поединечни ствари. Да, доблеста има независна суштина, но тоа не значи дека е целосно одделена од своите манифестации. Потрагата по дефинирањето на целото во однос на поединечното влегува во маѓепсан круг. Платон не успева да ја преточи суштината на доблеста во

зборови/дефиницијa увидувајќи дека проблемот во дефинирањето на ваквите поими лежи во начинот на кој ги стекнуваме. Затоа тој ја продолжува својата расправа не во насока на испитување на природата на доблеста, туку кон испитување на природата на нашето познание.

### УЧЕЊЕ ЗА ПРИСЕТУВАЊЕТО (ΑΝΑΜΝΗΣΙΣ)

Штом Платон се соочува со тешкотијата од дефинирање на доблеста, веднаш се соочува со еден парадокс (т.н. Менонов парадокс) од поширока природа: како да се трага по нешто што не знаеме какво е? Или оној што истражува знае за она што го истражува и истражувањето станува беспотребно или не знае и не може да го препознае објектот на истражувањето дури и да налета на него, што повторно е неполезно. Поради ова, Платон е наведен да се наврати не кон прашањето за природата на познанието, туку кон потеклото на познанието.

Според Платон носителот на знаењето е душата, а таа е бесмртна. Поминала многу животи, видела многу нешта на овој и на другиот и свет и затоа знае сè. Она што ние го нарекуваме сега „учење“, всушност претставува *присетување* (ἀνάμνησις) на сите нешта кои душата ги заборавила доаѓајќи во ова сегашно тело. Платон смета дека во природата сè е сродно едно со друго и затоа со откривањето на едно нешто кој и да било може да ги изведе основите на сите други нешта. Поставувајќи го на метафизички основи, во голема мера преземени од орфичко-питагорејската традиција, на овој начин Платон воведува еден поинаков поим за стекнување знаење – преку *присетување*.

Практичната демонстрација на оваа теза тој ја спроведува преку низа прашања од областа на геометријата поставени на еден роб за кој се смета дека е неук за овие нешта. Платон тврди дека самиот роб ќе дојде до вистини за кои се знае дека не ги познава. И навистина, робот доаѓа до

неверојатни резултати, присеќавајќи се на геометриски вистини (верзија на Питагорината теорема) за кои тврдел дека претходно не ги знаел. Секако, оваа демонстрација не поминала како убедлива во понатамошните дискусии на оваа тема. Не е јасно што се подразбира под знаење во овој контекст, што се смета за вродено и како тоа кореспондира со нашето истражување во сегашноста. Дали она до што доаѓа робот е некакво заборавено знаење или, пак, емпириски добиен заклучок врз основа на моменталното испитување? Исто така, со прашањата кои Сократ му ги поставува на робот, тој имплицитно му ги открива вистинските одговори. Може да се каже дека оваа демонстрација е повеќе исклучителен пример за успешен педагошки метод на учење (во секојдневното значење на зборот „учење", а не во Платоновото во *Менон*), отколку како доказ за теоријата за присеќавањето. Пошироко теориско образложение на теоријата Платон дава во *Фајдон* каде што веќе се насетува постулирањето на соодветните онтолошки реалитети на присеќавањето – идеите.

Сепак, преку оваа теорија изложена во *Менон*, Платон доаѓа до две исклучително значајни филозофско-познавателни поенти: прво, сето она за што велиме дека е знаење е всушност сеќавање на самата вистина, па така човековата душа морала да го поседува знаењето во сите времиња, што значи дека е бесмртна; и второ, ние мора да продолжиме во потрагата и по она што не го знаеме, затоа што на еден или друг начин можеме да го препознаеме. Под светлината на оваа теорија, главното прашање од почетокот на дијалогот треба да се преформулира во следново: *дали на доблеста можеме да се присетиме?*

## ЗНАЕЊЕТО И ВИСТИНИТОТО МНЕНИЕ (ΔΟΞΑ ΑΛΗΘΗΣ)

Во потрагата по сигурно знаење, меѓу кое и сигурното знаење на доблеста, Платон го поставува прашањето:

кое знаење има поголема извесност од друго? Од една страна е вистинитото знаење, но од друга, тој поставува уште еден степен на знаење – вистинитото мнение. Со ова прашање Платон за прв пат го отвора проблемот за вредноста на знаењето во однос на другите видови валидни начини на знаење во рамки на теоријата на познанието.

На вистинитото мнение Платон не му дава веднаш негативен предзнак. Вистинитото мнение води до истите резултати како и вистинитото знаење. Она што е корисно не е само вистинитото знаење, туку и вистинитото мнение може да е исклучително полезно. Во таа смисла, доколку критериум за знаењето е корисноста, тогаш меѓу знаењето и вистинитото мнение нема разлика. Така, вистинитото мнение за точниот пат за Лариса има исто толку практична вредност како и вистинитото знаење за патот за Лариса – и едното и другото ќе нè однесат на посакуваната дестинација.

Критериумот околу кој се разликуваат вистинитото мнение и вистинитото знаење е извесноста, сигурноста и степенот на знаењето. Оние кои што се потпираат на мненијата секогаш ќе погодуваат и нивното мнение може лесно да се искраде и побегне, затоа што не се врзани како статуите на Дајдал, вели Платон. Стабилноста, квалитет кој за Платон е исклучително значаен понатаму и во онтологијата, го пренесува во теоријата за познанието. Вистинитото знаење е „врзано“ и секогаш претставува *размислување за причината*. Токму ваквото размислување му ја дава стабилноста на познанието, кое, пак, доаѓа само преку сеќавањето. Затоа, политичарите кои се потпираат на вистинитото мнение „не се ништо поразлични од претскажувачи и боговдахновени пророци; зашто и тие, кога се вдахновени, зборуваат многу вистинити нешта, но не знаат ништо од она за коешто зборуваат“ (99c).

Дилемата која Сократ се обидува да ја разреши во епизодата со робот е дали може на вистинитото мнение да му даде извесност како на вистинито знаење. Оваа можност

се остварува само доколку се вклучи размислување за причината преку присетување. Вистината дека квадратот на хипотенузата на правоаголен триаголник е еднаков на збирот на квадратите на останатите две страни е причината до која дојде робот во однос на геометриската задача која му ја зададе Сократ. Така, робот вистински се присетил на вистината за причината на бараниот резултат.

Во *Менон*, Платон дискутира за процесот на познавањето, а не за природата на она што е познаено. Кореспонденцијата познание–објект Платон ќе ја разработи во подоцнежните дијалози, особено во *Држава*. Во шестата книга (509d-511e), Платон ја претставува познатата онтолошко -познавателна линија каде што од едната страна ги наведува степените на познанието кои соодветствуваат на онтолошките реалитети, кои ги наведува на другата страна од линијата. Со оглед на сè уште недефинираната корелација на видовите знаења со онтолошките реалитети во *Менон*, дискусијата за видовите знаења во ова дело се темели врз критериумот на извесноста, а не врз основа на кореспонденцијата познание–објект.

### *МЕНОН* ВО ЦЕЛИНА

Иако навидум се добива впечаток дека, за разлика од другите дијалози, структурата на *Менон* јасно и едноставно ќе ја следи содржината на дијалогот, сепак крајот не ветува конечно решение на главното прашање: што е доблеста? Во *Менон* не се јасно докажани или побиени тезите кои Платон ги поставува на почетокот. Постои конфликт меѓу одговорите дали доблеста е вродена или не, дали може да се научи или не, дали доблеста е знаење или еден вид мистериозна мудрост која кај оние кај кои се појавува се појавува по божја промисла и без разбирање. Се чини дека повеќето доблесни луѓе се доблесни токму поради тоа што поседуваат вистинито мнение, отколку вистинито знаење.

Разликувањето на погрешните од правилните мненија зависи од божествената вдахновеност која ја препознаваме како присетување. Сепак, Платон нѐ предупредува дека ваквата идеја е привремена сѐ додека не дознаеме што е всушност самата доблест. Ваквата разврска или отстапува место за дополнителна теориска расправа, која Платон намерно ја остава осмислувајќи го дијалогот само како вежба во дискутирање за доблеста и познанието, или ја манифестира Сократовата насекаде потенцирана „познавателна скромност" во однос на прашањата за кои дискутира. На крајот, откако заклучува дека доблеста не може да се научи затоа што не постојат учители за неа, Платон остава можност да постои „некој таков меѓу господата политичари, кој би можел и некого друг да направи политичар" (100а). Од многуте можни интерпретации на овој дел од текстот ја оставаме веројатна и оваа – дека Платон реферира на самиот себеси.

Како што се чини, целта на *Менон*, преку дијалошката анализа, а во духот на неговата теорија, е пред сѐ да се прикажат погрешните мненија, многу често како повторување на софистичките ставови. Низ понатамошниот дијалог, како една методолошка претпоставка, Платон поставува принцип дека треба да се даде дефиницијата на она за кое се зборува – идеја за доблеста која е „врзана" и сигурна – од којашто понатаму треба да продолжи со дискусијата. Иако, како дијалог што ја одразува раната фаза од развојот на Платоновата мисла, се очекува да ја исполни првата задача, *Менон* сериозно ја поставува и втората.

Дали може да се каже дека *Менон*, со оглед на фактот што опфаќа повеќе различни теми, претставува една конзистентна целина? Дали дискусијата за можноста доблеста да се пренесе со поучување и за можноста за познание преку сеќавање претставува една логички доследна теориска расправа? Една од најзначајните импликации на дијалогот во целина е дека сето априори знаење зависи од присетувањето. Знаењето за суштината на едно нешто, како

што е доблеста, имено вистинитото знаење, е постигнување на знаење од ваков априори вид. Во таа смисла, постигнувањето на знаење за суштината на доблеста зависи од присетувањето. Оваа врска не само што содржински и проблемски ја поврзува Платоновата расправа, туку укажува и на уште една многу посуштинска релација која Платон ја имплицира – како од расправата за суштината на доблеста да се дојде до универзална теорија за познанието? Формалната врска меѓу овие две суштински расправи Платон ја обезбедува преку Сократовата тенденција за поставување универзални дефиниции. Потрагата по вистинито знаење преку присетување е поврзана со расправата за доблеста токму поради ставот дека, за разлика од она што го тврдат привржаниците на скептичката и релативистичката софистичка позиција, постојат апсолутни морални стандарди под кои се подведува човечката доблест. Оваа апсолутност е слична на онаа на математичката и геометриската апсолутност. Можеби и затоа Платон употребува геометриски паралели и метод на математичко докажување преку хипотези. Ригорозните стандарди кои се поставени во математиката и во геометријата, Платон сака да се отсликаат и во светот на етиката.

## За македонскиот превод

Пред нас се наоѓа првиот превод на *Менон* на македонски јазик, што само по себе претставува значаен филозофски настан. Но, бележитоста на овој превод не е дефинирана само преку неговата првичност. Напротив, создаден од перото на искусен филолог и преведувач на Платоновите дијалози, со своите извонредни јазични и книжевни квалификативи овој превод овозможува непосредно, автентично вкусување на Платоновата филозофска мисла. Со акрибичен и допадлив јазик, богата традиционална и иновативна лексика, низ семантичка издржаност и послед-

ност и низ префинета урамнотеженост на реченичната структура на оригиналот со морфо-синтаксичките одлики на јазикот на којшто е пренесен, преводот максимално го доближува изворниот *Менон* до македонскиот читател и го прави подеднакво достапен и за македонската академска заедница, но и воопшто, за пошироката читателска јавност.

Во духот на дијалошката и филозофска отвореност, преводот на *Менон* нуди терминолошка и поимна широчина. Освен оптималниот избор на преводни решенија за одредени поимни зборови и синтагми, на оние места каде што преведувачот сметал дека може да се јави недоумица, понудил алтернативен превод, што му остава на читателот можност за поинакво филозофско читање и интерпретирање на текстот, а што претставува интелектуална и теориска доблест и чесност.

И покрај тоа што овие недоумици покажуваат дека самиот текст носи терминолошко-филозофски нејаснотии и дека е потребна дискусија во рамки на филолошко-филозофските кругови за развивање на македонската филозофска терминологија, сепак, со терминолошката и со смисловната доследност, со преводната инвентивност и имањето усет за нијансите на филозофските концепти, овој превод успешно ги досегнува и задржува сите стандарди за проникнување во вистината за Платоновата филозофија. Оттаму, со радост Ве оставаме да нурнете во длабочините на Платоновите дијалошки медитации за доблеста и за знаењето.

*Доц. д-р Јасмина Поповска*